

# ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ

со фокус на лицата корисници на дроги

Во подготовката на брошурата учествуваше:

Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, Скопје

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ
Максим Горки 20/1-4
1000 Скопје
тел: ++389 (0) 2 3298 295
факс: ++389 (0) 2 3211 453

esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk

Брошурата е дел од проектот:
Човекови права во здравствената заштита

Правото на здравје е меѓународно признато право. За првпат е дефинирано од страна на Светската здравствена организација како „право на секое лице на најдобро физичко и ментално здравје што може да се постигне“.

Правото на здравје е најтесно поврзано со заштитата на правата на пациентите што претставуваат збир од права, одговорности и должности според кои поединците бараат и примаат здравствена заштита. Овие права во Република Македонија се предвидени со Законот за заштита на правата на пациентите.

Лицата што употребуваат дроги и лицата зависни од дроги треба да имаат еднаков пристап до квалитетни и достапни здравствени услуги како и сите граѓани. Овие лица се под висок здравствен ризик, што вклучува предозираност и смрт, ширење на заразни болести (ХИВ, жолтица од типот Б и Ц) и нарушено соматско и ментално здравје. Дополнително, како резултат на нивната маргинализација, тие немаат доволно капацитет да се борат за остварување на своите права, при што е неопходно преземање на активности за информирање, унапредување и заштита на нивните права како пациенти.

# 1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ДОСТАПНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ТРЕТМАН НА ОПИОИДНА ЗАВИСНОСТ

## Третман со метадон во рамките на националната мрежа на јавни здравствени услуги

Лекувањето на лица што употребуваат дроги со супституциона терапија со метадон се спроведува низ целата земја  преку службите за превенција и третман од злоупотреба на дроги и тоа во: Тетово, Охрид, Битола, Гевгелија, Струмица, Кавадарци, Куманово, Штип и Велес.

На ниво на град Скопје лицата зависни од дроги се лекуваат со метадонска терапија во Центарот за превенција и лекување на злоупотреба на дроги и други психоактивни супстанции во Кисела вода – Скопје (кој претставува одделение на Психијатриската болница Скопје) и Службата сместена во кругот на поранешниот Клинички центар Скопје, а во надлежност на Центарот за превенција и лекување на злоупотреба на дроги и други психоактивни супстанции во Кисела Вода – Скопје.

- Од април 2012 започна прием на пациенти и програма за третман на зависност од дроги во рамките на Градската општа болница 8-ми Септември во општина Карпош во Скопје.

- Лекувањето со метадон се спроведува врз основа на упатство за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на примена на метадонот при третманот на опиоидна зависност.

- Третманот со метадон во јавните здравствени установи е бесплатен.

- За да се отпочне третман со метадон, потребно е да се спроведат следните испитувања:

- сеопфатен телесен и психијатриски преглед;
- лабараторски испитувања (крвна слика, ниво на масти и шеќер во крвта, жолтица од типот Ц и ХИВ).

- За лица од 16 до 18 години потребна е согласност од родител или старател за да се спроведе третманот.

- За лицата под 16 годишна возраст не постои можност за соодветно лекување во постојниот систем за третман.

- Со супституциона метадонска терапија се опфатени и лица од КПУ Идризово – Скопје.



## Третман со бупренорфин во рамките на националната мрежа на јавни здравствени услуги

- Програмата за третман со бупренорфин се спроведува во ЈЗУ Универзитетска Клиника за токсикологија – Скопје.

- Третманот со бупренорфин во јавните здравствени установи се наплаќа од 9 000 денари до 26 000 денари (по цена утврдена од Фонд за здравствено осигурување) за болничко лекување кое може да трае од 5 до 7 дена.

- Еден до два месеци по болничкото лекување, пациентот сам ја плаќа препишаната терапија со бупренорфин.

- По еден до два месеци од спроведувањето на третманот, по индивидуална проценка од случај до случај, петочлена комисија (според критериумите за спроведување на третамнот со бупренорфин) одлучува дали пациентот ќе добие бесплатна терапија за понатамошно лекување.

- За да се отпочне третман со бупренорфин, потребно е да се спроведат следните испитувања:
• сеопфатен телесен и психијатриски преглед;
• лабараторски испитувања (крвна слика, ниво на масти и шеќер во крвта, жолтица од типот Ц и ХИВ).

- За лица од 16 до 18 години потребна е согласност од родител или старател за да се спроведе третманот.

- За лицата под 16 годишна возраст не постои можност за соодветно лекување во постојниот систем за третман.

- Во мрежата на здравствени установи кои овозможуваат третман на зависност од дроги се вклучени и неколку приватни психијатриски ординации, чии услуги се наплаќаат приватно.

- Покрај третманот со фармаколошка терапија, во Република Македонија постојат терапевтски заедници и тоа:

- ПОКРОВ Струмица;
- РЕТО НАДЕЖ Скопје.

# 2. ПРАВА НА ПАЦИЕНТИТЕ

На сите граѓани на Република Македонија им се обезбедува остварување на правата, утврдените потреби и интереси во превенција и лекување на зависност од дроги.

## Лекувањето треба да биде достапно за сите без дискриминација

Никој не смее да биде дискриминиран заради моментална или мината историја на употреба на дроги или зависност од дроги. Недискриминацијата значи дека сите лица зависни од дроги што сакаат да се лекуваат треба да имаат пристап до третманот за лекување на зависност од дрога, без разлика на нивниот пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус.

Пример:

Затворена листа за прием на нови пациенти на метадонска терапија ги става лицата што имаат потреба од третман на зависноста во понеповолна положба со другите пациенти кои имаат потреба од други здравствени услуги и непречено пристапуваат до нив, но и во однос на оние лица кои веќе се на третман со метадон или бупренорфин.

## Право на укажување на итна медицинска помош во местото на живеење

Доколку некое лице што е корисник на дроги има потреба од итни здравствени услуги, чие неизвршување за кусо време би можело да предизвика непоправливо и тешко оштетување на здравјето на пациентот или пак негова смрт, треба да му се укаже итна медицинска помош во најблиската здравствена установа која има организирано служба за итна медицинска помош.

Пример:
Лице што употребува дрога од ромска етничка припадност не добива итна медицинска помош заради местото на живеење кое ѝ е познато на Службата за итна медицинска помош како место во кое живеат Роми и е со лоша инфраструктура и хигиена.

## Грижа, лекување и рехабилитација

На пациентот треба да му се овозможи соодветна грижа, лекување и рехабилитација, според неговите поединечни потреби и способности согласно достапните методи и можности на медицината, а во согласност со прописите за здравствена заштита и здравствено осигурување. Исто така, психосоцијалната поддршка за лицата на третман на зависноста е многу значаен дел во процесот на лекување.

Пример:
Лицата зависни од дроги треба да имаат индивидуален план за лекување кој ќе опфаќа индивидуално одредување на дози на терапија и индивидуален план за работа со психијатар, психолог и социјален работник.

## Почитување на личноста и достоинството

Со сите пациенти треба да се постапува со почитување и хуманост. Здравствениот работник треба да воспостави хумани (човечки) релации со пациентот.

Пример:

Повреда на личноста и достоинството на пациентите што се зависни од дрога вршат здравствените работници кои заради фактот дека се зависници не се однесуваат како со лица на кои навистина им е потребна медицинска помош. Здравствените работници ги обвинуваат лицата зависни од дроги за состојбата во која се наоѓаат, односно дека самите се одговорни за здравствените проблеми како последица на употреба на дроги. Лицата зависни од дроги често слушаат коментари: „Сам си се довел во ова состојба, никој не ти е крив“.

## Право на лична сигурност

Здравствената установа има обврска да им обезбеди лична сигурност на пациентите за време на престојот во здравствената установа.

Пример:

Има случаи кога полицијата бара и приведува лица од кругот на болницата каде што пациентите се лекуваат од зависност. Ваквите ситуации создаваат страв и несигурност кај пациентите за користење на здравствените услуги, што влијае на квалитетот на третманот.

## Право на информираност

Лицата што се на третман мора да бидат информирани за својата здравствена состојба, медицинската проценка на резултатите и исходот на интервенцијата и можните компликации, препорачаните медицински интервенции, планираните датуми на нивно спроведување (програма за третман и рехабилитација), како и за предностите и ризиците при спроведувањето, односно поради неспроведувањето на препорачаните медицински интервенции.

Пример:
Во пракса здравствените работници одбиваат прием на корисници на droги на третман со метадон со образложение дека листата е затворена без утврдување на временски период за нивен прием на третман.

## Право на доброволно учество во одлучувањето

Неопходно е информациите што им се даваат на лицата на третман да се дадат на разбирлив начин соодветен на лицето што треба да ги прими со цел лицето да даде информирана согласност или да одбие одреден вид на третман или интервенција.

Пример:
Здравствените работници не даваат сеопфатни информаци за алтернативни начини на лекување за кои пациентот, во соработка со лекарот, ќе одлучи кој вид на третман ќе го избере.

Наметнување на задолжителен третман на зависност со судска одлука е спротивно на правото за лекување врз основа на информирана согласност на пациентот.

## Право на пристап до медицинско досие

Пациентот може да изврши увид во своето медицинско досие и да добие препис од документите во досието или да овласти друго лице во негово име да изврши увид, како и да добие појаснување на податоците од медицинското досие. Никој, освен медицинскиот персонал, не смее да изврши увид во медицинското досие на пациентот без негова согласност.

## Право на доверливост

Пациентот има право на доверливост на личните и медицинските податоци кои мора да се чуваат во тајност и по неговата смрт. Исклучок од ова правило постои:

- ако пациентот даде писмена согласност;
- ако е неопходна медицинска интервенција на пациентот во друга установа;
- ако се неопходни за обработка од страна на здравствената установа што обезбедува здравствена услуга на пациентот;
- ако се користат во историски, научни, истражувачки или едукативни цели, под услов идентитетот на пациентот да не може да се открие;
- ако откривањето на податоците е во согласност со друг закон со цел за заштита на животите, безбедноста или здравјето на други лица.

Пример:

Повреда на ова право постои во случај кога полицијата без образложена наредба од надлежен суд влегува во здравствена установа каде што се дели метадонска терапија и врши увид во медицинските досиеја на сите пациенти што се на третман со метадонска терапија.

Откривањето на податоци за зависност од дроги на пациентот без негова согласност во јавност или на членовите на неговото семејство, претставува прекршување на правото на чување во тајност на медицинската документација на пациентот.

## Право на приватност

Пациентот има право на услови што обезбедуваат приватност при медицинските интервенции, а особено при укажување на личната нега.  Медицинската интервенција треба да се применува само во присуство на оние лица што се неопходни за извршување на интервенцијата.

Пример:

Повреда на ова право постои кога пациентите примаат метадон пред шалтерите каде што може да се присутни и трети лица за кои нема потреба да го надгледуваат земањето на терапијата или во присуство на други пациенти.



# ОБВРСКИ НА ПАЦИЕНТИТЕ

За време на престојот во здравствена установа пациентот е должен да:

- се грижи за сопственото здравје;

- даде вистинити и доволен број податоци за својата здравствена состојба, согласно личниот капацитет и информираност;

Во случај на третман на зависност од дроги и земање на терапија неопходно е пациентот да му ги каже на лекарот видот и количината на психотропната супстанција што ја примил со цел правилно одредување на видот и количината на лекот.

- им помага активно на здравствените работници што му укажуваат здравствена заштита;

- постапува според советите на здравствените работници за негова нега, третман и рехабилитација;

- ги почитува правилата на однесување, односно куќниот ред во здравствената установа;

- прифати ангажман, доколку е тој дел од неговата рехабилитација и ресоцијализација во функција на реактивирање на неговите социјални вештини;

- го почитува професионалното и човечкото достоинство на здравствените работници.



# КАДЕ ДА ПОБАРАТЕ ПОМОШ ДОКОЛКУ НЕКОЕ ВАШЕ ПРАВО Е ОГРАНИЧЕНО ИЛИ ПОВРЕДЕНО?

- Доколку сметате дека одредено право Ви е повредено или ограничено во некоја од јавните болнички здравствени установи (болница, клиника, завод), побарајте дали во рамките на таа болница/клиника има ангажирано советник за заштита на правата на пациентите. Советникот може да Ви даде правен совет или да Ви помогне да поднесете усна/писмена поплака. Доколку во болницата/клиниката нема советник или пак повредата се случила во неболничка здравствена установа (здравствен дом, здравствена станица), поплаката поднесете ја директно до директорот на таа установа.

- Директорот на установата, откако ќе ги испита наводите во поплаката, должен е да Ве извести за преземените мерки во рок од 15 дена.

- Доколку сметате дека директорот не ги презел потребните мерки, може да поднесете претставка до Министерството за здравство, кое е должно во рок од 15 дена да ги испита наводите во Вашата претставка и да Ве извести за преземените мерки.

- Истовремено може да поднесете барање за спроведување на инспекциски надзор и до Државниот санитарен и здравствен инспекторат, кој по спроведување на надзорот има овластување да ѝ нареди на здравствената установа и на здравствениот работник да преземат соодветни мерки и активности во зависност од видот на повредата на правото.

- Во рамките на општините се формирани Комисии за унапредување и заштита на правата на пациентите. До нив може да поднесете поплака, а тие се должни да ја разгледаат и да Ве упатат до надлежните органи за да може да Ви помогнат остварување на Вашите права.

- Доколку не сте задоволни со ниту еден од одговорите на споменатите органи, може да поведете судска постапка пред надлежен суд.

- Доколку Ви е прекршено или ограничено право во областа на здравственото осигурување, побарајте помош во Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и неговите подрачни единици.



# КОЈ МОЖЕ ДА ВИ ПОМОГНЕ ДА СИ ГИ ОСТВАРИТЕ СВОИТЕ ПРАВА?

***Здруженија што работат во областа на заштита на човековите права на лица што употребуваат дроги и лица зависни од дроги се:***

ХОПС – Опции за здрав живот Скопје,
ул. „Христо Смирненски“ бр. 48-1/6, Скопје
или hops@hops.org.mk

- Дроп-ин центар за намалување на штети Капиштец,
ул. „Киро Гавриловски“ бр. 3, Скопје
02/3176 428
- Дроп-ин центар за намалување на штети,
ТЦ Мавровка, локал 2, Скопје
02/3130 058
- Дроп-ин центар за намалување на штети Шуто Оризари, Скопје,
ул. „Вашингтонска“ бр. 76, Скопје
075/528 260

ДОВЕРБА – Здружение за унапредување на превенцијата, третманот и социјалното вклучување на лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции Скопје,
ул. „Пролет“, бр. 9а Скопје
doverba@yahoo.com
02/3067 713

Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“,
ул. „Партизански одреди“ бр. 23-1/7, Скопје
coalition.mk@gmail.com
02/3214 269

ИЗБОР – Здружение за советување, лекување, ресоцијализација и реинтеграција на лица со проблем заради употреба на дрога Струмица,
ул. „Херој Карпош“ бр. 16, Струмица
izborsr@sonet.com.mk
034/349 410

Здружение ЗОНА Кавадарци,
ул. „Благој Крстиќ“ б.б., Кавадарци
zonakavadarci@yahoo.com
043/417 799

- НВО Опција Охрид.
Адреса ТЦ „Охриѓанска“ бр. 23, Охрид
opcijaohrid@yahoo.com
contact@opcijaohrid.org.mk
046/257 838

- Центар за развој на граѓанското општество ВИА ВИТА Битола,
ул. „Анести Пановски“ бр. 10/1/8, Битола
viavitabt@yahoo.com

- Асоцијација за здрави животни стилови ПУЛС Куманово,
ул. „Бајрам Шабани“ бр. 19, Куманово
info@pulskumanovo.org.mk
031/423 375

- Центар за развој и унапредување на јавниот живот Тетово,
ул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 51, Тетово
crujzte@yahoo.com
044/343 566

- Здружение ХЕЛП Гостивар,
ул. „Илинденска“ б.б., 1230 Гостивар
или help_gostivar@yahoo.com

- Младински клуб Штип,
ул. „Васил Главинов“ бр. 20, Штип
mladinski_1@yahoo.com
032/382 356

- НВО ПОДДРШКА,
ул. „Иво Лола Рибар“ бр. 30, Гевгелија
poddrska@yahoo.com.

***Општински организации на Црвен Крст***

- ОО на Црвен Крст – Велес
ул. „Маршал Тито“ бр. 166а, 1400 Велес
m.hadzinaumov@yahoo.com

- ОО на Црвен Крст – Прилеп
ул. „Јоле Андоноски“ бр. 5а, 7500 Прилеп
m_nedelkoska@yahoo.com

- ОО на Црвен Крст – Кичево
ул. „Јанко Михајлоски“ б.б., 6250 Кичево
enserjusuf@yahoo.com

Здружение за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ
Максим Горки 20/1-4
1000 Скопје
тел: ++389 (0) 2 3298 295
факс: ++389 (0) 2 3211 453

esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk

Брошурата е дел од проектот:
Човекови права во здравствената заштита




*електронската верзија на прирачникот
може да ја преземете на нашата страна:
www.healthrights.mk

ЗАПОЗНАЈТЕ СЕ СО:

- основите на човекови права во здравствена заштита преку Прирачникот за човекови права во здравствената заштита
- меѓународните и регионалните документи и механизми кои го гарантираат и штитат спроведувањето на правото на здравје
- домашното законодавство и начините за заштита на правото на здравје во нашата земја
- правата и обврските на здравствените работници во обезбедување на здравствена заштита
- правата и обврските на пациентите во остварување на здравствената заштита и здравственото осигурување
- релевантни публикации кои се однесуваат на различни здравствени прашања и пристап до здравствена заштита
- институциите кои работат на полето на обезбедување на здравствена заштита, здравствено осигурување и правна заштита во нашата земја.